**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

---

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

објавува:

Награден Фото КОНКУРС

# “ПРОБИШТИП ФОТО 2019“

ТЕМА:

# „МОЈОТ УБАВ ПРОБИШТИП“

**ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО**:

- Се учествува со 2 (две) фотографии на зададената тема ( сите фотографирани во Пробиштип) и до 3 (три) слободни фотографии (сите фотографирани во општина Пробиштип, со мотиви од карактеристични и препознатливи обележја за нашата општина)
    - **Може да се достави и само една фотографија за учество;**
    - **Може да се учествува со највеќе 5 (пет) фотографии.**

- Фотографиите треба да бидат јасно одбележани за која од двете категории се испратени;
- Фотографиите што не одговараат на темата нема да влезат во изборот за наградите;
- Фотографиите не треба да бидат потпишани (“watermark”, “signature”) или на кој било начин означени со име или идентификација на фотографијата;
- Фотографијата не треба да содржи име, презиме, иницијали, рамки или какви било текстуални карактери и симболи за идентификација на предната страна;
- Фотографиите не треба да се претходно објавувани во весници, магазини, каталози или да имаат учествувано на други натпревари;
- Фотографиите што не одговараат на темата нема да влезат во изборот за наградите;
- Фотографиите на зададената тема и слободна тема, треба да се фотографирани во Пробиштип;
- Испратените фотографии не треба да содржат елементи на насилство, порнографија, расизам или некој друг облик на дискриминација;
- Испратените фотографии не треба да ја нарушуваат приватноста на луѓето, односно сите фотографирани луѓе мора претходно да дале согласност за тоа;
- Да се во JPEG формат;
- Да се најмалку 72 dpi;
- 4:3 / 3:2 / 16:9 (Пропорција на стандардна фотографија).

**СЕКОЈА ФОТОГРАФИЈА КОЈА НЕМА ДА БИДЕ СОГЛАСНО ПОГОРЕ НАВЕДЕНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ЌЕ БИДЕ ДИСКВАЛИФИКУВАНА И НЕМА ДА БИДЕ РАЗГЛЕДУВАНА ОД ЖИРИ КОМИСИЈАТА**

- Дозволено е софтверско интервенирање на фотографиите;
- Фотографијата ќе се оценува според композицијата. Начинот на којшто се вклопени фотографираните елементи, кои треба да прават успешна целина во уметничка смисла;
- Фотографиите треба да содржат напредни естетски елементи. Тоналитет, форма, текстура, ритам, баланс, движење и сл.;
- Фотографијата не треба да биде премногу темна, нити премногу светла;
- Фотографијата мора да има доволно видливи детали.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОГРАФИИТЕ ЗА УЧЕСТВО:**

- Фотографиите (секоја со наслов), да се достават со наведена шифра, во плик во кој **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во помал затворен плик се доставуваат личните податоци за учесникот (име, презиме, телефонски број и сл.);
- Секој учесник кој при отворањето на фотографиите нема затворен плик со податоци и за кој јасно може да се определи за која личност станува збор **ќе биде дисквалификуван** и фотографиите нема да се разгледуваат;

**ФОТОГРАФИИТЕ ДА СЕ ИСПРАТАТ НА АДРЕСА:**

**Општина Пробиштип,**
**ул. Јаким Стојковски бр.1**

или да се донесат во Канцеларијата на Одделението за јавни дејности во Општина Пробиштип, со назнака:
**За награден фото Конкурс „ПРОБИШТИП ФОТО 2019“,**
**најдоцна до 22.11.2019 година (петок) до 15.30 часот**.

- Жири комисијата најдоцна до **25.11.2019 година** ќе ги селектира фотографиите и ќе ги објави на официјалната фан страна на Facebook за да можат сите заинтересирани да гласаат за истите;
- (**Гласањето на Facebook ќе има влијание во одлуката на жири комисијата, но освоените гласови нема да значат и конечен пласман на фотографиите**);
- Жири комисијата најдоцна до 04.12.2019 година ќе ги објави наградените фотографии преку медиумите, на официјалната WEB страна на општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и на официјалната Facebook фан страна.

**АВТОРСКИ ПРАВА:**

Со предавањето на фотографиите за учество на Конкурсот секој потврдува дека:

- е автор на фотографиите;
- фотографијата не е претходно изложена или објавена;
- ги отстапува авторските права на Општината Пробиштип со неограничено право да ги објавува, разменува, печати или пренесува на трети лица.

**На Фото Конкурсот немаат право на учество вработените во општинската администрација како и нивните потесни семејства**

За подетални информации на бројот **032/483-131 лок.107,** или на е-маил info@probistip.gov.mk

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

**НАГРАДИ:**

Општина Пробиштип за првите три фотографии во двете категории обезбеди награди и тоа:

Фотографии на зададена тема:

I место - 4.000 денари

II место - 2.000 денари

III место - 1.000 денари

Фотографии на слободна тема:

I место - 2.000 денари

II место - 1.500 денари

III место - 1.000 денари

Наградите ќе бидат доделени на 6 Декември, а по повод празникот, **8 Декември 2019 година - „Свети Климент Охридски“** на изложбата која по тој повод, од пристигнатите фотографии, ќе биде поставена во Домот на културата во Пробиштип со почеток во 12 часот.

**Општина Пробиштип**
**Одделение за јавни дејности**